Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-384/3
10.08.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 384/1 од 19.07.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во пристапот до добра и услуги против Меѓународен Аеродром Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 10.08.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за извршена дискриминација со бр. 08 – 384/1 од 19.07.2022 година, поднесена од [redacted] против Меѓународен Аеродром Скопје **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 19.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во пристапот до добра и услуги од страна на [redacted] против Меѓународен Аеродром Скопје.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 19.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што јасно ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого се однесува претставката и неговата адреса, како и своерачно да ја потпише претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
10.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]